Животот пред човекот

Маргарет Атвуд

Изданието е објавено со поддршка од
Советот за уметност на Канада:


Canada Council for the Arts
Conseil des arts du Canada

Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Margaret Atwood *Life Before Man*

© O.W. Toad Limited 1979

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Животот пред човекот

МАРГАРЕТ АТВУД

(роман)

превод од англиски јазик
Кристина Димкова

Скопје, 2023

Наместо дел од самиот организам, фосилот може да биде некаков вид запис за неговото постоење, како фосилизиран отпечаток или дувло... Овие фосили ни ја даваат единствената можност да ги видиме истребените животни во акција и да го изучуваме нивното однесување, иако точната идентификација е можна само каде што животното умрело врз својот отпечаток и се фосилизирало на истото место.

– Бјорн Куртен, *Ерата на диносаурусите*

Види, ти се смеам, се смеам во тебе, се смеам низ тебе. Како би можел да бидам мртов ако дишам во секој трепет на твојата дланка?

– Абрам Терц (Андреј Синјавски), *Мразулецот*

ПРВ ДЕЛ

Петок, 29-ти октомври, 1976

ЕЛИЗАБЕТ

Не знам како треба да живеам. Не знам како кој било треба да живее. Знам само како живеам јас. Живеам како полжав без куќа. А така не се прават пари.

Си ја сакам куќата назад, долго ми требаше да ја изградам. Си ја имаш со себе каде и да си. Те бива и да ја отстраниш истата. Сакам куќа како фустан со пулејки, направен од сребрени монети од пет центи, десет центи и долар, што се преклопуваат како крлушки на оклопник. Вештачки пенис со оклоп. Непропустлив; како француски мантил.

Посакувам да не морав да мислам на тебе. Сакаше да ме одушевиш, па, не сум одушевена, ми се згади. Тоа што го направи беше гадно, детско и глупаво. Тантрум, кршење кукла, ама она што го скрши беше твојата глава, твоето тело. Сакаше стопроцентно да се осигуриш дека никогаш веќе нема да се свртам во креветот без да го почувствувам тоа тело до себе, неприсутно, но опипливо, како ампутирана нога. Ја нема, ама местото уште боли. Сакаше да плачам, да тагувам, да седам на клацкалката со црно порабено марамче, да крвавам од очите. Ама не плачам, не сум гневна. Би можела да те убијам. Ако веќе самиот не си го направил тоа.

Елизабет лежи на креветот, облечена и незгужвана, чевлите ѝ се оставени една до друга на килимчето до креве-

тот, плетено, овално, купено во „Ник Нак“ пред четири години кога сè уште беше заинтересирана за домашно уредување, со гаранција дека го плетеле стари жени од крпчиња. Рацете покрај телото, стапалата споени, очите отворени. Гледа дел од плафонот, тоа е сè. Низ видното поле ѝ се протега една мала пукнатина, од неа се разгранува уште една помала пукнатина. Ништо нема да се случи, ништо нема да се отвори, пукнатината нема да се прошири и да се расцепи, ништо нема да излезе од неа. Значи само дека плафонот треба да се префарба, не оваа година, туку следната. Елизабет се обидува да се сосредоточи на зборовите „следната година“, ама не може.

Од левата страна има дамка од светлина; ако ја сврти главата ќе го види прозорецот, надвиснат со драпени, на кој кинеската ролетна од бамбус е кренатa до половина. Се јави на работа по ручекот и им кажа дека нема да дојде. Пречесто го прави тоа; ѝ треба работата.

Не е *внатре*. Се наоѓа некаде помеѓу своето тело – кое спокојно лежи на креветот, *врз* прекривката со индијанска шара, тигри и цвеќиња, облечено во црна ролка, право црно здолниште, розово-виолетови гаќи, бежов градник со предно затворање и хулахопки, оние што се спакувани во пластични јајца – и плафонот со пукнатините како патец од коса. Таму може да се види самата себеси, како згуснување на воздухот, како албумин. Она што излегува од јајцето кога ќе напукне лушпата при варење. Свесна е за вакуумот на другата страна на плафонот, кој не е ист како на третиот кат каде што живеат потстанарите. Во далечината, како тивка грмотевица, нивното дете тркала џамлии по подот. Воздухот се вшмукува во црниот вакуум со нежен, едвај чуен свиреж. Може да ја повлече во него како чад.

Не може да ги движи прстите. Размислува за своите дланки, што ѝ лежат покрај телото, гумени ракавици:

помислува да ги напика коските и месото надолу во тие облици на дланки, еден по еден прст, како тесто.

Низ вратата, која е подотворена неколку сантиментри од навика, секогаш на повик како во одделот за итни случаи во болница, низ која и сега наслушнува чекајќи удари, звуци на кршење, вресоци, навлегува мирис на препечена тиква. Нејзините деца ги запалиле ламбите од тикви, иако има уште два дена до Денот на вештерките. А не е ни сосем стемнето, згаснува само светлината од едната страна на нејзината глава. Толку многу сакаат да се преоблекуваат, да стават маски и да облекуваат костуми и да трчаат низ улиците, низ мртвите лисја, да тропаат по вратите на непознати луѓе, да ги држат раширени хартиените ќеси. Каква надеж. Порано ја допираше, таа возбуда, таа жестока радост, планирањето што траеше со недели зад затворената врата од нивната соба. Порано вртеше нешто во неа, некој клуч. Оваа година тие се далеку од неа. Безгласното стакло на детскиот оддел во болницата каде што стоеше во својот домашен фустан за секое од нив, гледајќи како се отвораат и затвораат розовите усни на искривените лица.

Таа ги гледа нив, тие ја гледаат неа. Знаат дека нешто не е во ред. Нивната учтивост, нивното одбегнување ѝ ја заледуваат крвта бидејќи се совршено изведени.

Ме гледале. Нè гледале со години. Зошто не знаат како се прави? Се однесуваат како сè да е нормално, а можеби за нив е нормално. Наскоро ќе побараат вечера и јас ќе ја направам. Ќе се симнам од креветов и ќе зготвам вечера, а утре ќе ги испратам во училиште, па ќе одам на работа. Така е редот.

Елизабет порано готвеше, и тоа многу добро. Ова беше во истиот период кога се интересираше за килими. Сè уште готви, нешто лупи, нешто подгрева. Нешто се ствардува, нешто друго омекнува; белото станува кафеа-

во. Ја тера работата. Ама кога ќе помисли на храна, не ги гледа блескавите бои, црвена, зелена, портокалова, прикажани во *Гурманскиот готвач*. Наместо тоа, ја гледа храната како илустрација од оние статии во списанијата што покажуваат колку масти има во твојот појадок. Мртви бели јајца, бели ленти сланина, бел путер. Кокошки, печено месо, стекови извадени од чисто сало. За неа храната сега има таков вкус. Сепак јаде, се прејадува, отежнува.

Тивко тропање, чекор. Елизабет го спушта погледот. Во овалното огледало во дабова рамка над комодата гледа како се отвора вратата, ја гледа темницата од ходникот, лицето на Нејт се подава како бел балон. Влегува во собата, кинејќи го невидливиот конец што таа вообичаено го оптегнува над прагот за да го спречи да влезе, а таа ја свртува главата. Му се насмевнува.

– Како си, љубов моја? – вели. – Ти донесов чај.